Врз основа на член 9, став 2 од Законот за одбрана (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/01 и 5/03), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 29.12.2003 година, донесе

# О Д Л У К А
# ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ОРГАНИЗАЦИИ, УСТАНОВИ И ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ВО КОИ ЌЕ СЕ СЛУЖИ ВОЕН РОК ВО ЦИВИЛНА СЛУЖБА

Член 1

Во Одлуката за определување на организации, установи и противпожарни единици во кои ќе се служи воен рок во цивилна служба (“Службен весник на Република Македонија“ бр. 68/02, 5/03 и 39/03), во членот 1, во алинејата 16 сврзникот “и“ се заменува со точка и запирка.

По алинејата 16 се додава нова алинеја 17, која гласи:

“ ЈУ-Завод за рехабилитација на деца и младинци-Скопје, и“.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија“.

Бр. 23-5748/1
29 декември 2003 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Македонија,
**Бранко Црвенковски**, с.р.